**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-40/13
28.07.2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија, плански период 2019-2024, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**повторена Јавна презентација и Јавна анкета за Детален урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија, плански период 2019-2024**

Границата на планскиот опфат е:

- од **север** границата се движи по планираната станбена сообраќајница,
- од **исто**к продолжува по осовината на постојната улица „Деко Ковачев“,
- од **југ** се движи по осовината на постоечка река и минува низ катастарските парцели КП 2563/1, КП 2767/2, КП 2775/2, КП 2775/1, КП 2787/3, КП 2787/2 и продолжува по постоечката улица,
- од **запад** по осовините на собирната улица „Западна“.

Во планскиот опфат се улиците „Серменинска“, „Никола Карев“ и „Деко Ковачев“.

Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија, плански период 2019-2024, зафаќа површина од 14.76 ха.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 07.08.2020 година во 11:00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија плански период 2019-2024 ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Повторената јавна анкета** ќе трае 5 работни дена и тоа **од 07.08.2020 година до 17.08.2020 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk